## За студиската програма

Студиската програма за втор циклус академски студии по Библиотекарство обезбедува стекнување на научно-истражувачки компетенции од научното подрачје хуманистички науки, со фокус на библиотекарската наука. Современите пристапи кон учењето и истражувањето, што се предвидени во студиската програма, ќе ги воведат идните магистри од областа на библиотекарството во принципите на согледувањето на научните теориски и методолошки пристапи во академските дисциплини од различни области. Тоа ќе овозможи стекнување на знаења и вештини за истражување на библиотекарската теорија и практика од повеќе агли со цел студентот да се оспособи за концептуално и функционално систематизирање на научната информациска мисла

Библиотечната наука, главно, се занимава со пребарување и управување со информации што се прикажуваат во различни форми и се организирани во комплексни печатени, дигитални или интерактивни информациски сиситеми. Оттаму, забрзаниот техничко-технолошки, информатички и информациски општествен развој наметнува секојдневно усложнување и проширување на оваа научна дисциплина. Библиотеките ја задржуваат својата доминантна улога во комплексното информациско опкружување но, за разлика од минатото, тие трпат суштински промени во: а. пристапот кон информациите и б. пристапот кон корисниците.

Студиите по библиотекарство по нивната природа се интердисциплинарни, интегрирајќи содржини, вештини и компетенции од повеќе области. За идниот магистер по библиотекарство, покрај познавањето на основите на книжевноста и библиотекарството, значајни се и вештините од педагогијата, како и вештините за управување, за целисходна употреба на информатичката технологија, собирањето, организирањето, зачувувањето и евалуацијата на ресурсите на информации. На повисоко ниво, библиотечната наука е поврзана со многу потполиња како што се: документацијата, библиографијата, управувањето со информации, управувањето со знаењето, истражувањата во областа на библиотекарството и неговата интердисциплинарност и др.

Библиотеката како стожер на поттикнување на функционална писменост на учениците упатува на развој на компетенции за методско дизајнирање на креативна средина за учење во која библиотечната дејност ќе се интегрира со одделните курикулумски подрачја. Оттаму, магистрите по библиотекарство ги гледаме и како потенцијални кадри за унапредување на библио-педагошката работа во училиштата коишто ќе бидат медијатори и промотори на холистичкиот пристап во воспитно-образовната работа со учениците.

Широчината и интердисциплинарноста на библиотекарските науки овозможува научно-истражувачки практики коишто се во тесна врска со денешното информациско општество. Имено, се развива научна сензитивност за забележување на елементарни информациски детали, организирање на информациите и примена на научно-истражувачки пристап кон нивното елаборирање.

Истражувањето на книжните фондови и на информациските системи се однесува на функционирањето на општеството како целина, но и на одделните општествени слоеви: образование, култура, политика, економија, социјални групи, читатели, техника, технологија и др. Научните сознанија од оваа област се одраз на научните настојувања да се воспостави каузална врска помеѓу образовните, историските, социолошките и комуникациските факти и настани на начин што ќе овозможи да се утврдат детерминантите на предметот на истражување во одреден општествен контекст.

Магистрите по библиотекарство ќе бидат упатени и во работата на дигиталните библиотеки, ќе умеат да управуваат со архиви и записи, ќе имаат познавања за ретки ракопи-

си, ќе имаат квлификации за истражување и работа во училишни библиотеки и сл. Кадровската оспособеност на магистрите по библиотекарство овозможува вработливост на кандидатите во повеќе институции во владиниот и во невладиниот сектор.

Професионалниот ангажман на магистрите по Библиотекарство покрај научно-истражувачката работа на полето на библиотекарската наука, може да опфати организациски, менаџерски, инструкциски и други активности во работењето на:

- Училишните библиотеки
- Јавните библиотеки
- Академските библиотеки
- Специјаизираните библиотеки
- Архивите
- Училишните библиотечни и медиумски центри
- Медиумите
- Колекционерските центри (центри на специјализирани колекции)
- Издавачката дејност
- Библиотечните корпорации, национални архиви или центри за менаџирање со информации (завод за статистика и сл.)
- Владините и невладините информациски центри
- Информативните агенции
- Културните организации
- Музеите
- Истражувачките центри и др.

## Општи дескриптори на квалификации

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Познава современи истражувачки стратегии и модели во областа на образованието/воспитанието, културата и библиотекарството<br>- Познава различни научни постапки во областа на образованието и културата<br>- Познава методи, техники и инструменти на истражување и развој во областа на библиотекарството и издаваштвото<br>- Ги познава стандардите и моделите на работење на училишните и високошколските библиотеки<br>- Познава и разбира специфични области во рамките на образованието/воспитанието и културата<br>- Познава стратегии за користење на библиотечни извори и електронски бази на податоци<br>- Познава и разбира специфичности во образовната, воспитната, социјалната и културната димензија на воспитно – образовната / културно – образовната институција<br>- Познава модели на организирање на библиотечното работење и издаваштвото<br>- Ги знае и ги разбира специфичностите за организацијата и функционирањето на библиотекарството и издавачката дејност |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Насочено истражува и добиените сознанија ги проверува во практиката<br>- Применува истражувачки методи, техники и инструменти и организира акциски истражувања<br>- Применува современи истражувачки стратегии и модели во областа на библиотекарството, културата иобразованието /воспитанието<br>- Користи различни извори и електронски бази на податоци<br>- Применува принципи и постапки од областа на електронското издаваштво<br>- Презема одговорности за примена на оригинални научни сознанија и нив критички ги систематизира во образовната и библиотечната практика<br>- Користи стратегии и техники за развој и мотивирање на афинитетот кон читањето<br>- Соодветно избира и користи содржини и активности за поттикнување на креативност, на позитивен однос кон книжевното и воопшто кон уметничкото творештво<br>- Применува норми и правила на македонскиот стандарден јазик во пишаната и во усната комуникација |
| Способност за проценка | - Поседува критички осврт и ги систематизира различните сознанија од областа на образованието/воспитанието и библиотекарството<br>- Создава нови идејни решенија во областа на библиотекарството, образованието и културата<br>- Користи применливи и научни сознанија во процесот на планирање и развој на дејноста |

| | |
|---|---|
| | - Пронаоѓа образовно–културни дилеми и покажува способности за примена на соодветни научни решенија за нивно надминување<br>- Применува современи истражувачки стратегии и модели во областа на библиотекарството, културата и образованието /воспитанието |
| Комуникациски вештини | - Поседува вештини за примена на тимско работење во воспитно – образовната и библиотечната практика со деца, возрасни и стручни лица<br>- Поседува вештини за соработка, размена на искуства и тимска работа помеѓу библиотеките и издавачките куќи<br>- Иницира и остварува соработка со сите образовни, културни и други сродни институции<br>- Покажува вештини за договарање, поттикнување, отпочнување и водење активности<br>- Поседува вештини за асертивно однесување во тимот и во индивидуални контакти<br>- Поседува вештини за одржување на академско ниво во стручната комуникација со лица од исти и други стручни профили<br>- Поседува вештини за предлагање и аргументирање на сознанија и факти.<br>- Поседува презентациски вештини и вештини за мотивирање и создавање читателска популација во рамките на различни возрасни категории |
| Вештини за учење | - Презема одговорност за сопствениот професионален развој и за учење со евалуација и рефлексија на сопствената работа<br>- Поседува информациска писменост (откривање и користење на различни извори на нови научни сознанија). |

**Специфични дескриптори на квалификации**

| Тип на дескриптор | Опис |
|---|---|
| Знаење и разбирање | - Ги знае и ги разбира областите на библиотекарството и на современите библиотечни процеси во XXI век<br>- Познава напредни образовни системи како дел од современите воспитно-образовни тенденции<br>- Ги знае и ги разбира специфичностите во областа на електронското издаваштво<br>- Ги знае и ги разбира целокупните процеси за дигитализација на библиотечниот материјал<br>- Ја знае и ја разбира општествената димензија во издавачкиот процес<br>- Ја знае и ја разбира областа на архивистиката<br>- Ги знае и ги разбира специфичностите на педагогијата, дидактиката и целкупниот воспитно-образовнен процес<br>- Ги знае и ги разбира микропедагошките и интеракциско-комуникациските елементи во и вон наставата<br>- Ги знае и ги разбира педагошките и интеракциските пристапи за создавање култура на читање |
| Примена на знаењето и разбирањето | - Ги применува новите знаења од областа на библиотекарството и ги следи современите библиотечни процеси и тенденции карактеристични за XXI век<br>- Пронаоѓа, обработува, критички селектира, користи и разменува квалитетни стручни и научни информации во функција на менаџирање на библиотечно – информацискиот процес<br>- Поседува умешност за формирање, организирање, управување и користење на библиотечните фондови<br>- Оганизира, пребарува, толкува и презентира библиотечни информации<br>- Применува различни модели на издавачки процеси<br>- Ги менаџира целокупните процеси за дигитализација на библиотечниот материјал<br>- Пронаоѓа модели и решенија за заштита на библиотечната и архивската граѓа<br>- Применува знаења за водење на архивски збирки и фондови<br>- Развива различни модели на поврзување на библиотеката со дидактичко-методичките процеси во наставата и во вонаставните активности<br>- Планира, организира и реализира дополнителни форми на работа во библиотеката<br>- Поседува вештини за водење набавна политика<br>- Применува различни модели на соработка со сите структури на корисници на библиотечните услуги |

| | |
|---|---|
| | - Планира и реализира насочени активности за развој на културата на читање<br>- Поседува умешност за користење, селектирање и толкување различни информации од лексичко-лексикографски карактер |
| Способност за проценка | - Пронаоѓа, обработува, користи, разменува и критички селектира квалитетни стручни и научни информации<br>- Поседува способности и вештини на рефлексивен практичар – примена на специфични истражувачки методи, техники и инструменти во библиотечната дејност, како и релевантно користење на добиените податоци<br>- Истражува, анализира, споделува, селектира и презентира стручна, научна и друг вид литература<br>- Умее да користи современи воспитни стратегиии и техники Проценува, организира и поттикнува позитивни практики |
| Комуникациски вештини | - Поседува вештини за соработка, размена на искуства и тимска работа<br>- Поседува вештини за менаџирање во библиотекарството<br>- Одржува академско ниво во стручната комуникација со лица од исти и од други стручни профили и со лица од различни возрасни категории<br>- Соработува со сите образовни, културни и други сродни институции<br>- Организира, договара, координира и управува со библиотечното работење<br>- Воспоставува позитивна комуникациска клима при реализација на својата библиотечна дејност<br>- Воспоставува врски и разменува искуства и ставови помеѓу издавачите, посредниците и корисниците на библиотечните информации |
| Вештини за учење | - Поседува вештини за критичко мислење и учење<br>- Има свест за континуиран професионален развој<br>- Отворен е кон промени и иновации<br>- Развива и поттикнува вештини и можности за вербално, електронско и писмено споделување размена на искуства и знаења во интерес на стручно усовршување и развој<br>- Активно користи различни извори за учење и стручно усовршување |